| Република Македонија
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
Број на сертификат:
CT-16/3-023

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр. 14-8931/2

12.12.2017год.

Аминта Трети 2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3230 429
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Врз основа на член 46, став 1, член 50, став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/2009, 53/2011, 149/2015, 39/2016 и 132/2016) и член 2 од Правилникот за начинот на издавање на овластувањата на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола и стручни научни установи или други правни лица за вршење на анализи и суперанализи во органското земјоделско производство, потребната документација, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/2010), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го издава следното

## РЕШЕНИЕ
## за овластување на контролно/сертификациско тело за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство

1. Друштво за контрола на квалитет „ПРО ЦЕРТ КОНТРОЛА И СЕРТИФИКАЦИЈА ОКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Антон Попов" бр. 83-3/18 од Скопје – Кисела Вода и ЕМБС 7244410, СЕ ОВЛАСТУВА за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.

2. Овластеното контролно/сертификациско тело од точка 1 стручната контрола ќе ја врши во согласност со пропишаните услови во важечките прописи од областа на органското земјоделско производство во Република Македонија.

3. Овластеното контролно/сертификациско тело од точка 1 се запишува во евиденцијата на овластени контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство која ја води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4. Надзорот над работењето на овластеното контролно/сертификациско тело за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство во Република Македонија според законските одредби ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за земјоделство.

### Образложение

Друштво за контрола на квалитет „ПРО ЦЕРТ КОНТРОЛА И СЕРТИФИКАЦИЈА ОКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поднесе барање за овластување заведено со бр. 14-8931/1 од 11.12.2017година. Во прилог на барањето достави: копија од потврда од Институтот за

акредитација на Република Македонија дека контролното сертификациско тело е во процедура за акредитација како тело за сертификација на органски производи, тековна состојба на правното лице од Централниот Регистар на Република Македонија, договор за закуп на деловен простор, органограм на организациската поставеност, изјава за поседување на соодветна опрема, изјава дека не врши советодавна активност за субјектите над кои врши контрола, изјава дека активностите на „ПРО ЦЕРТ КОНТРОЛА И СЕРТИФИКАЦИЈА ОКС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје не се во спротивност со Законот за спречување на судир на интереси и за две вработени лица: а) диплома за завршено соодветно високо образование; б) М1/М2 обрасци; в) биографии потпишани и заверени; и г) потврда за стекнато работно искуство. Врз основа на поднесеното барање и од увидот на приложената документација се утврди дека „ПРО ЦЕРТ КОНТРОЛА И СЕРТИФИКАЦИЈА ОКС ДООЕЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ги исполнува условите за добивање на овластување за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство, и согласно член 50, став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија" бр. 146/2009, 53/2011, 149/2015, 39/2016 и 132/2016) и член 2 од Правилникот за начинот на издавање на овластувањата на контролни/сертификациски тела за вршење на стручна контрола и стручни научни установи или други правни лица за вршење на анализи и суперанализи во органското земјоделско производство, потребната документација, формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/2010), се одлучи како во диспозитетот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение може да се покрене тужба за управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Љупчо Николовски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО СКОПЈЕ

Изработил:Зора Ивановска
Контролирал: Валентина Митева
Согласен: Абдулгафар Синани